# ОПШТИ УСЛОВИ

за користење на услуги во електронските сервиси на УНИБанка

## I. ВОВЕД

1.1. Овие Општи услови се однесуваат на користење на електронските сервиси на УНИ*Банка* АД Скопје согласно доставено Барањето за регистрација за користење на услугите кои се нудат преку електронските сервиси на УНИБанка, Договорот за користење на Е-УНИБанка, како составен дел на Барањето за регистрација како и Договорот за отварање и водење на трансакциска сметка за вршење на платниот промет во земјата и странство.
1.2. Овие општи услови се однесуваат на севкупниот платен промет во земјата и странство, на резиденти и нерезиденти правни и физички лица, кои ги користат услугите на електорнските сервиси на УН*ИБанк*а АД Скопје (во понатамошниот текст: Банка).

## II. ДЕФИНИЦИИ

2.1. Термините спомнати подолу го имаат следното значење:

а) "**Виртуелена експозитура**" или "Е-УНИБанка" е автоматизиран систем на УНИ*Банка* АД Скопје за електронско банкарство, преку која имателот на сметката има право на далечински пристап преку интернет адреса https://e-unibanka.mk до услугите понудени од страна на Банката по електронски пат;

б) "**Електронски потпис**" (ЕП), во смисла на Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис, подразбира низа на податоци во електронски облик кои се содржани или се логично поврзани со други податоци во електронски облик и е наменет за утврдување на автентичност на податоците и за утврдување на идентитетот на потписникот. За целите на овие Општи услови електронскиот потпис е:

1) Квалификуван електронски потпис – сертификат (КЕП);
2) Код за еднократна употреба – one time password (ОТП);

в) "**Корисничка лозинка**" е комбинација бројки, букви и симболи и служи за идентификација при пристап до Е-УНИБанка и до Мобилната апликација “My Unibank”;

г) "**Корисничко име**" е комбинација од букви или од букви и бројки и служи за идентификација и пристап до Е-УНИБанка и до Мобилната апликација “My Unibank”;

д) "**Квалификуван електронски потпис**" (КЕП) е сертификат кој содржи име или назив и држава на живеалиштето, односно седиштето на издавачот; име или назив, односно псевдоним на носителот или назив, односно псевдоним на информатичкиот систем со назнака на носителот; податоци за проверка на електронскиот потпис кои се поврзани со податоците за електронско потпишување; почеток и крај на важењето на сертификатот; идентификационен број на сертификатот; општо прифатениот електронски потпис на издавачот и евентуалните ограничувања за употреба на сертификатот.

ѓ) “**Код за еднократна употреба (One time password)**” е тајна низа од цифри со фиксна должина која може да биде употребена само еднаш при доставување на налози до Банката преку Е-УНИБанка, се со цел да се потврди врската помеѓу податоците за проверка на електронскиот потпис со одредено лице, сопственикот на генераторот на кодови и идентитетот на тоа лице.

е) “**Мобилна апликација “My Unibank”** е специјализирана апликација за мобилни уреди преку кои Носителот на сметка или лица овластени од него имаат право на далечински пристап до системот Е-УНИБанка.

ж) “**Мобилен уред**” е вид на преноослив електронски уред (мобилен телефон итн.) кој преку оперативниот систем може да користи различни апликации и користи интернет конекција.

з) "**Носител**" е физичко или правно лице на чие име се води трансакциската сметка отворена во УНИБанка АД Скопје и кое има право да располага со парите на истата во функција на корисник на платежни услуги;

ѕ) "**Овластен корисник**" е физичко лице кое има право, од име и за сметка на Носителот, на пристап до Е-УНИБанка и до услугите достапни преку системот, а во зависност од добиените права од Носителот;

и) "**Провизии и надоместоци**" се сите износи кои Носителот има обврска да ги плати на Банката согласно Тарифата за провизии и надоместоци на Банката без оглед на нивниот вид – провизии, надоместоци или стварни трошоци;

ј) "**Работно време на Е-УНИБанка за извршување на платните трансакции"**е интервал од време во рамките на работниот ден, во рамките на кое Банката прима налози за реализација во тековниот ден

к) "**Работен ден**" е секој ден во кој Банката извршува платни операции поврзани со трансфер на средства од /кон други даватели на платежни услуги преку системите за плаќање МИПС, КИБС и SWIFT. Саботите и неделите како и деновите кои се прогласени за празници, се сметаат за неработни денови;

л) "**Средство за пристап и идентификација**" - во зависност од услугите побарани од Носителот, како средство за достап и идентификација се смета: корисничко име, лозинка, КЕП и код за еднократна употреба.

љ) "**Тарифа**" е Тарифата за провизии и надоместоци на УНИ*Банка* АД Скопје како и сите дополнувања кон истата;

## III. ПРЕДМЕТ

3.1. Овие Општи услови ги регулираат односите меѓу Банката и Носителот во врска со регистрирањето, пристапот до Е-УНИБанка и користење на услугите обезбедени преку Е-УНИБанка и се составен дел од договорот.

3.2. На барање на Носителот, Банката му обезбедува достап до Е-УНИБанка односно до една или повеќе од следните услуги:

3.2.1. Пасивни банкарски (извештајни) операции - пасивно банкарство што подразбира достап по електронски пат до информации за салдата и прометот по трансакциските сметки, платежните картички и тоа во обем и динамика согасно условите на соодветната услуга како и други информации од важност за Носителот

3.2.2. Активни банкарски операции поврзани со реализација на платежни и други операции - активно банкарство што подразбира отварање на банкарски сметки, плаќања на средства (во МКД и/или валута) од трансакциската сметка на Носителот кај Банката во корист на друга сметка кај Банката или на друга сметка кај друг Носител на платен промет под условите на Банката за соодветната услуга, купување / продажба на валута од / на сметка и други услуги.

3.3. Во барањето за регистрација, Носителот може да одбере да користи активно банкарство кое го вклучува и пасивното банкарство или да одбере само пасивно банкарство за сите побарани сметки.

3.4. Барањето на Носителот за вклучување во системот Е-УНИБанка не го ограничува од можноста да располага со сметките и преку други средства, договорени со Банката.

3.5. Носителот се согласува сите активности преку Е-УНИБанка да се вршат врз основа на Договорот, овие Услови, Општите услови за отворање и водење на трансакциски сметки, при конкретните рокови и услови, предходно достапни на интернет страницата на Е-УНИБанка на адреса https:// https://e-unibanka.mk и / или на интернет страницата на Банката на адреса www.unibank.mk.

3.6. Банката има право да ги зголемува или ограничува услугите достапни на Е-УНИБанка, да ги менува условите кои ја вклучуваат и цената, начинот за пристап, регистрација и реализација на платните налози доколку настанат промени во законодаството, пазарните услови, поради барања од безбедносни причини или подобрувања на соодветната услуга. Банката ги известува корисниците за настанатите промени преку интернет страницата на Е-УНИБанка https://e-unibanka.mk и / или на интернет страницата на Банката www.unibank.mk , и не сноси никаква одговорност за претрпена штета и загуба како последица на ограничување на опсегот на услугите.

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА Е-УНИБанка

4.1. Системот Е-УНИБанка е достапен преку интернет на адреса https://e-unibanka.mk за Носители кои имаат отворено барем една трансакциска сметка во Банката и кои доставиле Барање за регистрација и добиле од Банката потврда на регистрација под услови определени од Банката и кои се регистрирале со едно или повеќе средства за пристап и идентификација од далечина, како што е дефинирано во овие Услови.

4.2. За користење на Е-УНИБанка и на понудените преку неа услуги Банката ги утврдува минималните технички барања кои Носителот треба да ги обезбеди.

4.2.1. Со цел подобрување на квалитетот на извршената услуга, Банката го задржува правото да врши измени во програмите кои се користат. Ако било која од овие измени наметнува промена и на потребната опрема, оперативниот систем или брзината на конекцијата со интернет, Банката има обврска да го извести Носителот за тоа пред стартување на промената.

4.3. Во согласност со законската регулатива, Банката му ги става на располагање на Носителот сите предходно потребни информации како Тарифата за надоместоци и провизии, Општите услови за работа со трансакциски сметки и Општите услови за работа со Е-УНИБанка и тоа на интернет страницата на Е-УНИБанка https://e-unibanka.mk и / или на интернет страницата на Банката www.unibank.mk.

4.3.1. На барање на Носителот, Банката може да му ги обезбеди прелиминарните информации на начин различен од наведениот во т.4.3., по цена согласно постоечката Тарифа на Банката.

4.4. При користење на e-UNIBank корисникот се обврзува да ги почитува барањата и процедурите на Банката, објавени на интернет страницата на Е-УНИБанка.

4.5. Пред користењето на понудените услуги преку Е-УНИБанка, Носителот е должен да се запознае со посебните правилата и условите за нивно користење.

## V. РЕГИСТРАЦИЈА, ПРИСТАП И ИДЕНТИФИКАЦИЈА

*Регистрација во Е-УНИБанка*

5.1. Регистрирањето во системот Е-УНИБанка може да се иницира лично од Носителот на два начина и тоа On-line преку интернет страната https://e-unibanka.mk или преку билокоја експозитура на Банката со точно наведување на потребните податоци.

5.2. Регистрацијата, независно како е иницирана, се потврдува и активира после лична идентификација на Носителот во една од експозитурите на Банката, а врз основа на потпишано Барање за регистрација по образец на Банката (Барање), и по доставување на сите потребни документи побарани од Банката. Банката испраќа потврда дека регистрацијата е завршена со доставување на корисничко име и лозинка на електронска адреса наведена во Барањето, доколку истата е направена преку експозитура на Банката.

5.3. Во Барањето за регистрација, Носителот може да определи еден или повеќе овластени корисници кои во негово име и за негова сметка можат да ги користат услугите на e_UNIBank, а согласно дадените права за пристап.

> 5.3.1. Носителот може во секое време еднострано да го повлече овластувањето дадено од него на овластените корисници.

5.4. Носителот се обврзува веднаш писмено да ја извести Банката за промените во податоците и документите доставени во Банката, вклучувајќи ги и истите за овластените корисници, без разлика дали промените иницираат и промени во јавните регистри.

5.5. Промените во податоците односно документите како и повлекувањето на овластувањата на овластените корисници влегуваат во сила од моментот на писмено известување и доставување на документи на Носителот, во билокоја експозитура на Банката.

5.6. Во согласност со доставеното Барање од страна на Носителот во Банката, истиот може да користи едно од следниве средства за пристап:

> 5.6.1. Корисничко име и лозинка - служат за достап до системот Е-УНИБанка. При On-line регистрација, Носителот самостојно го определува корисничкото име и лозинка кои ќе ги употребува при најава во системот, а при регистрација направена во билокоја експозитура на Банката, Носителот има право да го определи корисничкото име, додека лозинката, заради обезбедување на тајност на податоците, автоматски ќе се генерира од системот на Банката и ќе се испрати на e-mail адресата посочената од него при доставување на Барањето.

5.6.2. Квалификуван електронски потпис (КЕП) - со употреба на валиден и регистриран КЕП во системот Е-УНИБанка преку кој можат да бидат извршени сите активни и пасивни банкарски операции.

5.6.3. Банката го задржува правото да ги менува дозволените средствата за пристап и идентификација, и за истото ќе ги извести корисниците.

5.7. Кога Носителот одредил еден или повеќе овластени корисници, секој од нив користи поединечно средство за пристап и идентификација. Носителот претпоставува дека секое поединечно средство за пристап и идентификација е доволно сигурно во зависност од дозволените услуги на овластените корисници.

5.8. Носителот одговара лично за сите активности извршени во негово име после регистрацијата и добивањето на пристап на Е-УНИБанка, и од последиците од овие активности и ги прифаќа сите ризици поврзани со користените средства за пристап и идентификација.

5.9. Овластениот корисник е должен:

5.9.1. одговорно да ги чува средствата за пристап и идентификација и да ги преземе сите потребни мерки против оштетување, уништување, губење или билокакво друго користење на несоодветен начин;

5.9.2. да ги чува во тајност своето корисничко име, лозинка, ПИН-от и други лични податоци во врска со користеното средство за пристап и идентификација, и да ги применува сите потребни мерки против обелоденување на истите на трети лица. ПИН-от и лозинката избрани од овластени корисник не треба да се состојат од лесно разбивлива комбинација (како телефонски број, датум на раѓање, регистарски број на автомобил и слично).

5.10. Личните заштитни карактеристики, како лозинка, ПИН можат да бидат променети од овластениот корисник преку системот Е-УНИБанка многократно, со ново значење, познато само нему. Банката препорачува, лозинка и ПИН-от да се менуваат периодично.

5.11. Во случај со свое дејствие или пропуст, овластениот корисник дозволи обелоденување на личните заштитни карактеристики на средство за пристап од трето лице, се смета дека постапил намерно или со груба небрежност, и Банката не носи одговорност за незаконски активности кои можат да бидат направени од трети лица преку неовластен пристап до Е-УНИБанка.

*Мобилна апликација* “My Unibank”

5.12. За користење на Мобилната апликација “My Unibank”, овластениот корисник треба да има важечка регистрација во "Е-УНИБанка" и мобилна апликација “My Unibank” превземена од каталогот за апликации поддржан од соодветниот оперативен систем на неговиот мобилен уред.

5.13. Корисници на Мобилната апликација можат да бидат

- физички лица - за плаќања (активно банкарство) и за извештаи (пасивно банкарство)
- правни лица - за извештаи (пасивно банкарство).
- овластени лица на физички или правни лица.

5.14. За извршување на активни операции Носителот односно овластениот корисник треба да го регистрира мобилниот уред со кој ќе пристапува до мобилна апликација. Регистрацијата на мобилниот уред може да се изврши преку системот за електронско банкарство Е-УНИБанка доколку Носителот на сметката располага со Токен + КЕП или преку билокоја експозитура на УНИБанка, според услови и параметри определени од Банката. Во случај кога Носителот, односно овластениот корисник нема да регистрира мобилен уред за употреба во мобилната апликација, може да користат само пасивно банкарство за сметките кои се водат на негово име.

5.15. Овластениот корисник може да ја отстрани (деинсталира) мобилната апликација “My Unibank” од својот мобилен уред во секое време, како и да го деактивира мобилниот уред. Во случај на преинсталирање на мобилната апликација на веќе регистриран мобилен уред, без оглед на причината за тоа, како и при промена на верзијата на оперативниот систем со која оперира уредот, наметната не од производителот на мобилниот уред, Овластениот корисник е потребно повторно да го регистрира мобилниот уред.

5.16. Средства за пристап и идентификација при користење на апликацијата за мобилни уреди се:

5.16.1. Корисничко име и лозинка кои се определени од овластеното лице корисник на системот за електронско банкарство Е-УНИБанка. Тие служат за достап и идентификација, а при регистрација на активно банкарство, лозинката служи за плаќање до предходно определени лимити од страна на Носителот на сметката.

5.16.2. ОТП Токен преку кој можат да бидат реализирани сите активни банкарски операции.

## VI. УСЛУГИ И ОПЕРАЦИИ ПРЕКУ СИСТЕМОТ Е-УНИБанка

6.1. Носител, регистриран со соодветни права за пристап за пасивно, односно за активно банкарство, може да добива информации и податоци за состојбата на сметката како и за сите плаќања и наплати на сметката регистрирана во Е-УНИБанка, како и да иницира и дава налози / барања / согласности и друго за активни операции во системот Е-УНИБанка без ограничување секој ден - 7 дена во неделата, 24 часа на ден.

6.2. Банката има право да поставува лимити при спроведувањето на плаќања во системот Е-УНИБанка и да воведува други ограничувања, како и да утврдува дополнителни барања, вклучително и процедури кога тоа се наметнува поради барања на постојното законодавство или одржување на соодветно ниво на безбедност во согласност со техничките стандарди, услови и политики за електронско банкарство.

## VII. БАНКАРСКИ СМЕТКИ

7.1. Банкарска сметка може да биде отворена преку Е-УНИБанка во името на Носителот, лично од него.

7.2. Носителот има право да врши активни банкарски операции од своите сметки, регистрирани во Е-УНИБанка, без разлика дали се отворени во експозитура на Банката или преку Е-УНИБанка.

7.3. Отворањето и водењето на сметка, вклучувајќи отварање на депозит преку Е-УНИБанка се врши при важечките услови на Банката за соодветната сметка, депозитен продукт, однапред објавени на интернет страницата на Е-УНИБанка https://e-unibanka.mk и / или на Банката www.unibank.mk, со кои Носителот е должен да се запознае пред отворањето на сметката / депозитот.

> 7.3.1. Банката и Корисникот се согласуваат по налог на Носителот и по потврда со опцијата "потпис" да биде отворена преку Е-УНИБанка на негово име бараната сметка / депозит согласно важечките правила и процедури на Е-УНИБанка која ќе се води под условите на Банката за соодветниот вид сметка / депози и применливите регулаторни барања, и дека сметката ќе се смета за отворена со валидно склучен договор помеѓу нив. По проценка од страна на Банката, може да бидат побарани и други документи.
>
> 7.3.2. Со отворањето на сметка / депозит, при почитување на процедурите на Е-УНИБанка, условите за пристап, идентификација и потврдувањето со електронски потпис, носителот потврдува дека е запознаен со договорните услови на Банката кои се применуваат за отворената на негово име сметка / депозит, вклучувајќи ги и условите за нивна промена како и последиците од нивното непочитување.

7.4. Затворањето на банкарска сметка по барање на носителот се врши со доставување на писмено барање во билокоја експозитура или преку Е-УНИБанка, а согласно правилата за затварање на конкретната сметка, под услов да се платени сите провизии и надоместоци и сметката да не е блокирана.

## VIII. ПЛАТЕЖНИ ОПЕРАЦИИ ПРЕКУ Е-УНИБанка

8.1. Сите плаќања (во МКД или во странска валута) се реализираат под услови утврдени со важечките нормативни акти и внатрешни правила на Банката.

8.2. Овластениот корисник има право да врши плаќања од регистрираните сметки на Носителот под услови дадени од Носителот, при соодветни лимити, доколку има такви и во висина на расположивото салдо по сметката.

8.3. За извршување на платни операции, овластениот корисник треба да поднесе налог за плаќање, составен во електронска форма, со коректно внесени податоци за сметка на налогодавец и примач, BIC на банката на примач (за валутни плаќања) како и податоци и информации согласно барањата за извршување на конкретната платежна ислуга.

8.3.1. Овластениот корисник е должен да обезбеди втора проверка на податоците заради контрола на нивната точност, и по потврдата, да го потпише налогот со електронскиот потпис.

8.3.2. Банката не сноси одговорност за неизвршување или неточно извршување на налогот при грешно внесени податоци за сметката на примачот или други податоци во платниот налог.

8.4. За извршување на платните налози Носителот е должен однапред да ги обезбеди сите документи побарани од Банката, а во согласност со важечката законска регулатива, како прилог на поединечното плаќање преку e-UNIBank, по електронска пошта, во форма на скенирани документи или по факс.

8.5. Потребните документи - декларации, кои треба да бидат изготвени од Носителот во согласност со важечката законска регулатива за распоред на валутен прилив, се изготвуваат во електронска форма и се поднесуваат на начинот предвиден за поднесување на платните налози преку Е-УНИБанка и согласно барањата на Банката.

8.6. Носителот е должен да обезбеди доволно салдо на сметката од која го реализира плаќањето за извршување на платниот налог заедно со провизијата и надоместоците за реализација на конкретното плаќање.

8.7. Платните налози се извршуваат на датумот на реализација/валута

8.7.1. Платни налози добиени преку Е-УНИБанка се реализираат во тековниот работен ден според следниот термински план
- МКД интерни плаќања до 18,00 часот
- МКД плаќања преку КИБС до 14,15 часот
- МКД плаќања преку МИПС до 16,15 часот
- Валутни плаќања до 16,00 часот

МКД плаќањата доставени за реализација во тековниот ден после овие термини се одбиваат за реализација во тековниот ден. Валутните плаќања доставени после овој термин се сметаат за добиени наредниот работен ден на Банката и истите се реализираат со валута согласно иницијално внесената валута од страна на Носителот односно Овластеното лице.

8.7.2. Работното време на Е-УНИБанка за извршување на платните операции се утврдува од страна на Банката во зависност од правилата на платниот систем, преку која се извршува платниот операција и се објавува на интернет страницата на Е-УНИБанка или на друг начин достапен за корисниците.

8.8. Платни налози добиени од името на Носителот преку Е-УНИБанка согласно утврдените правила и процедури од страна на Банката, се сметаат за валидни налози за реализација добиени од Носителот. Банката не одговара за штета или пропуштената корист од нивното извршување.

8.9. Со доставување на електронски налози за плаќање во валута и Декларации за валутен прилив, Носителот / Овластеното лице ја овластува Банката да пополни и

потпише образец (1450 односно 743) а согласно законската регулатива за валутни плаќања.

8.10. Корисникот е должен да го провери статусот на реализација на поднесените од него платни налози и навремено да сигнализира при констатирани недоследности.

## IX. ОДБИВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАЛОГ ЗА ПЛАЌАЊЕ

9.1. Банката ќе ја одбие реализацијата на платниот налог доставен преку Е-УНИБанка, ако не се исполнети барањата на важечките Општи услови и конкретните аранжмани со Носителот, како и доколку тој не ја потпишал соодветната операција со валиден КЕП.

9.1.1. Банката ќе ја одбие реализацијата на налогот за плаќање доколку е внесена невалидна сметка или скратен IBAN, доколку на сметката нема доволно салдо за извршување на трансакцијата и провизијата по истата или ако Носителот не ги доставил сите потребни документи и други информации неопходни за реализација.

9.1.2. Банката не сноси одговорност за штета од неизвршување на налогот за плаќање поради недостиг на салдо на сметката, неисполнување на важечките правила, барања и договорените услови за работа, недоставени документи согласно важечката законска регулатива, вклучувајќи ги мерките против перењето пари и финансирање на тероризмот.

9.2. Банката го известува Носителот за одбивањето за реализација на налогот преку статус "грешен". На барање на Носителот, Банката го информира за причините за одбивањето и начините за поправање на грешките, кога неисполнувањето е заради грешки, освен ако постои забрана за обелоденување на таквите информации согласно закон.

## X. ИЗВОДИ И ИНФОРМАЦИИ

10.1. Банката изготвува и му доставува на располагање на Носителот во писмена или електронска форма изводи и други информации (налози), преку Е-УНИБанка на денот на изготвувањето на документите, кој ден страните го прифаќаат за датум на прием.

10.1.1 Носителот се обврзува да ги архивира добиените документи на свој траен медиум за период доволен за целите на информирањето.

10.2. Носителот е должен да се запознава веднаш со содржината на добиената информација (изводи) и да ја извести Банката при констатирање на недоследности, без доцнење односно најдоцна до 5 работни дена од денот на добиената информација.

10.2.1. Ако Банката не добие писмено приговор до 5 дена од датумот на извршување на операцијата, ќе се смета дека Носителот го добил и го одобрил изводот и платните налози поврзани со него.

## XI. БЛОКИРАЊЕ НА ПРИСТАПОТ-ДЕАКТИВИРАЊЕ

11.1. Пристапот до Е-УНИБанка може да биде блокиран-деактивиран од Банката под следниве услови:

11.1.1. по барање на Носителот или овластениот корисник – кога барањето за блокирање на пристапот е преку повик по телефон. Носителот / Овластениот корисник е должен најдоцна следниот работен ден да го потврди блокирањето со писмено барање во билокоја експозитура на Банката;

11.1.2. по иницијатива на Банката - од објективни причини, поврзани со безбедноста на системот, оправдани сомневања за неовластено доставени налози преку Е-УНИБанка или идентификуван значителен пораст на ризикот Носителот да не е во состојба да ги исполни обврските кон Банката;

11.1.3. по иницијатива на Банката - на овластениот корисник, кој со своите постапки ги прекршува барањата согласно важечките нормативни акти и општи услови и / или ја загрозува безбедноста и правилното функционирање на Е-УНИБанка;

11.1.4. автоматски - при неколку внесувања на грешни лични податоци за корисничко име и/или лозинка.

11.2. Во случаите наведени во т.11.1.1. Банката го блокира пристапот во рамките на времето потребното за обработка на известувањето, но не подоцна од 2 часа од известувањето, освен ако поради објективни причини не е потребен подолг рок.

11.3. Во случаите на блокирање по т.11.1.2. и т.11.1.3. Банката ќе го извести Носителот за блокирањето на пристапот и за причините за блокирањето, по можност пред блокирањето или непосредно веднаш после тоа, освен ако давањето таква информација не е дозволено поради безбедносни причини или почитување на нормативни барања.

11.4. Активирање по предходно деактивирање на пристапот по барање на Носителот или Овластениот корисник е можно само со писмено Барање на Носителот, доставено во експозитура на Банката.

## XII. ОДГОВОРНОСТИ

12.1. Системот Е-УНИБанка не може да биде употребен за цели кои се спротивни на законот, вклучувајќи и купопродажба на стоки или услуги кои се забранети согласно важечката законска регулатива.

12.2. При вршење на плаќањата преку Е-УНИБанка, Банката не го контролира предметот и не ја следи законитоста на трансакциите во врска со кои се обезбедува платна услуга, освен ако со законски или нормативен акт не е поинаку предвидено.

12.3. Носителот / Овластениот корисник одговара за штетите кои ќе ги предизвика на Банката директно или индиректно поврзани со неовластен пристап до информации или извршување на платните операции преку Е-УНИБанка, со непочитување на банкарските правила, неправилно, противзаконски или спротивно на овие Општи услови користење на системот Е-УНИБанка. Кога штетата е предизвикана од Овластенитените корисници, Носителот е солидарно одговорен со него.

12.4. При неисполнување на обврските кон Банката во врска со користење на Е-УНИБанка, Носителот не може да прави приговори засновани на односите со трети лица.

12.5. Носителот / Овластени корисник е должен веднаш да ја извести Банката доколку се сомнева дека трето лице дознало или би можело да ги дознае личните заштитни карактеристики на средството за пристап, како и да побара блокирање на пристапот до Е-УНИБанка или на средството за пристап (ако средството овозможува такво блокирање), и тоа лично во експозитура на Банката или преку јавување на телефон 02/3286 165. При промена на телефоните, Банката ќе ги извести корисниците со порака преку Е-УНИБанка.

11.5.1. Банката не сноси одговорност за штетата во случај на добивање на неточно известување, согласно т.12.5., од лице кое врз основа на недвосмислени околности било овластено да го изврши блокирањето, а Банката совесно ги презела сите потребни мерки за заштита на интересот на Носителот и не ги исполнила платниот налог доставен преку Е-УНИБанка.

12.6. Носителот ги сноси евентуалните загуби, без оглед на нивната големина, поврзани со нереализирани платежни операции кои произлегуваат од неовластено користење на Е-УНИБанка во случаите посочени погоре, како и загубите предизвикани од него или од овластените од него корисници кои произлегуваат од измама или со неисполнувањето на еден или повеќе од условите на овие Општи услови и Договорот и тоа намерно или поради груба небрежност.

12.7. Носителот и овластените корисници се обврзуваат да ги обезбедат техничките барања за пристап до Е-УНИБанка (хардвер, софтвер) дефинирани од страна на Банката и да го заштитат својот систем против неовластен пристап и употреба. Носителот и Овластени корисник носат одговорност за заштита на доверливоста, интегритетот и достапноста на нивните системи.

12.7.1. Носителот и овластените корисници се должни да ја известат Банката веднаш доколку констатираат дека постои задоцнување, неправилна работа, вирус или грешки при испраќање или примање на налози, како и да и помагаат на Банката за спречување и ограничување на штетите по инструкции доставени од неа.

12.7.2. Банката обезбедува информации на интернет страницата или на страната на Е-УНИБанка за соодветните мерки за зголемување на безбедноста за заштита на клиентската база на податоци и компјутери. Корисниците на Е-УНИБанка се обврзани да ги проверуваат информациите и предупредувањата за зголемување на безбедноста.

12.7.3. Во случај кога интернет адресата, користена од Овластениот корисник не започнува со https://e-unibanka.mk значи дека тоа не е интернет страницата на Банката, односно страната на e-UNIBank. Во овие случаи, Овластениот корисник треба да ја прекине врската и веднаш да ја извести Банката на горенаведениот телефон за контакт.

12.8. Носителот потврдува дека е запознат и ги презема ризиците поврзани со преносот на податоци во интернет околината, со можноста за неовластен пристап и откривање на информации на трети лица, за промена на содржината или технички пропусти при преносот на податоци и информации преку интернет.

12.9. Банката ги извршува барањата за достап до услугите преку Е-УНИБанка од Носителот при утврдените барања и конкретните аранжмани со Носителот, а согласно правилата на соодветниот платен систем и почитување на прописите. Банката не одговара во случаите на неосновани одбивање на трети лица да прифатат плаќања иницирани преку Е-УНИБанка.

12.10. Банката не сноси одговорност за штета и пропуштени добивки заради неточности, грешки или доцнења при пренос на информации поради виша сила, технички, комуникациски или други причини кои се вон контрола на Банката, како и за неконтинуираност на пристапот до Е-УНИБанка.

## XIII. КАМАТИ, ПРОВИЗИИ И НАДОМЕСТОЦИ

13.1. За користење на услугите на Банката преку Е-УНИБанка Носителот подлежи на провизии и надоместоци согласно Тарифата на провизии и надоместоци.

13.2. Каматата, со која се каматат средствата на сметките на Носителот се определуваат согласно Каматната политика на Банката.

13.3. Банката има право да ги наплатува сите достасани провизии и надоместоци од сметките на Носителот отворени во Банката, за што Носителот изрично се согласува со истото.

## XIV. КОМУНИКАЦИЈА

14.1. Комуникацијата, вклучувајќи ги и известувања меѓу страните се извршуваат во писмена форма на електронските адреси на страните наведени во барањето за регистрација, освен ако во овие Услови изрично не е предвиден друг начин на известување.

14.2. При промена на адресата и / или на друг податок наведен во Барањето/Договорот Носителот е должен да ја извести Банката во рок од 3 дена од настапувањето на промената. Во спротивно, сите известувања, покани и пораки испратени од страна на Банката на претходната адреса на Носителот ќе се сметаат за доставени.

14.2.1. Во случај на судска постапка која настанала во врска со склучувањето,

имплементација, толкувањето или раскинувањето на Договорот и сегашните Општи услови, адресите наведени во Барањето ќе се сметаат за адреси за коресподенција, освен ако заинтересираната страна експлицитно не ја извести другата за промена на нејзината адреса.

## XV. ИЗМЕНИ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ

15.1. Банката има право во секое време еднострано да ги менува овие Општи услови за кое менување однапред, најмалку 3 (три) дена пред влегувањето во сила на соодветните промени, го информира Носителот преку известување на интернет страницата на Банката www.unibank.mk, на Е-УНИБанка и преку изводот на сметка.

15.2. Во случај кога Носителот не се согласува со промените, тој има право веднаш да го прекине Договорот и тоа пред датумот кој е предложен за стапување на сила на промените, со писмено барање, без претходна најава, под услов да не е блокиран и по намирување на сите обврски према Банката. Ако носителот не го раскине Договорот до денот на влегувањето во сила на промените, се смета дека тој ги прифатил и е согласен со нив.

15.3. Измените во Општите услови поврзани со зголемување на опфатноста на услугите, како и измените на провизиите и на надоместоците за плаќањата кога се поповолни за Носителот, се применуваат веднаш и без претходно известување.

## XVI. РОК НА ВАЖЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ

16.1. Освен ако поинаку не е договорено, Договорот е склучен на неопределено време.

16.2. Договорот престанува:

16.2.1. со писмено барање на Носителот без претходна најава, под услови да нема неизмирени обврски кон Банката;

16.2.2. по барање на Банката - еднострано со 30 (триесет) дена отказен рок од денот на писменото известување доставено до Носителот;

16.2.32 при затворање на сметката / сметките кои Носителот ги посочил за работа преку Е-УНИБанка.

16.3. При раскинувањето на Договорот, носителот е должен да ги плати на Банката сите достасани провизии и надоместоци.

16.4. Банката има право еднострано да го раскине Договорот без известување до Носителот поради неисполнување на која и да е од обврските преземени со Договорот, овие Услови или важечките специјални Општи услови за соодветната платежна услуги и склучениот со Носителот конкретен договор.

16.5. Прекинот на Договорот не води автоматски до затворање на сметките, вклучително и депозитите, отворени преку Е-УНИБанка или експозитурите на Банката,

освен ако Носителот експлицитно не побара затворање на истите или Банката не ги затвори сметките согласно законската регулатива.

## XVII. ДРУГИ УСЛОВИ

17.1. Доколку во овие Услови и конкретните Договори помеѓу страните не е поинаку пропишано, односите меѓу Банката и Носителот во врска со користењето на платежните услуги и поврзано со нив другите услуги понудени од Банката преку Е-УНИБанка, вклучително отворањето и водењето на банкарските сметки, извршувањето на платните трансакции, поништување на платежните операции од страна на Носителот, можноста за корегирање на другите права, обврски и одговорности на страните, се регулирани со Општите услови за отворање и водење на трансакцицки сметки, Тарифата за надоместоци и провизиите на УНИ*Банка* АД Скопје и другите Анекси кон нив, кои претставуваат составен дел од Договорот.

17.2. Електронската архива на платежните операции или други трансакции и информации доставени во форма на електронски изводи преку Е-УНИБанка, представуваат конечен доказ за нивната содржина, време кога биле поднесени и реализирани.

17.3. Носителот дава изрична согласност на Банката да може да доставува информации за финансиските средства, операциите и другите податоци за состојбата на сметките кај Банката на операторите на платните системи во земјата и странство вклучени во реализација на платниот налог.

> 17.3.1. Со прифаќање на овие Услови, Носителот и Овластените корисници даваат согласност Банката да ги обработува доставените од нивна страна, лични податоци за потребите на контрола на Банката, како и да бидат вклучени во организирани, од страна на Банката, наградни програми, лотарија и промотивни активности, како и Банката да може да ги доставува на трети лица личните информации потребни за нивното учество во вакви и/или други програми за целите на директен маркетинг, а во случај кога не сакаат, Носителот, соодветно Овластениот корисник имаат право да се откажат во секое време од учество, со експлицитно писмено известување до Банката.

## XVIII. ПРИГОВОРИ, ВАЖЕЧКО ЗАКОНОДАСТВО И СПОРОВИ

18.1. Носителот има право да поднесе писмени забелешки во врска со користење на платежни услуги и извршувањето на платните операции преку Е-УНИБанка.

18.2. За се што не е уредено со Договорот и со овие Услови, ќе се применуваат прописите кои важат во Република Македонија.

18.3. Сите спорови кои произлегуваат помеѓу страните во врска со исполнувањето или толкувањето на Договорот и овие Услови, се решаваат по заемна согласност на страните, а ако таква не биде постигната, надлежен ќе биде Основниот суд во Скопје.

18.4. Ако некоја одредба од овие Услови е или стане неважечка, тоа не влијае на применливоста на останатите одредби од Општите услови.

## XIX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

19.1. Составен дел од овие Услови се Општите услови за отворање и водење на трансакциски сметки, Тарифата за надоместоци и провизии на Банката и сите прилози кон истите.

19.2. Овие Услови можат да бидат изменети и дополнети со одлука на Управниот одбор на "Универзална Инвестициона Банка" АД Скопје и истите стапуваат на сила почнувајќи од 04.08.2017 година.